## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осмото Продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,56 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Бесим Догани, Александар Спасеновски, Радмила Шекеринска, Славица Грковска, Лазар Китановски, Тито Петковски, Мирјана Секуловска, Фијат Цановски, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Рафис Алити, Агрон Буџаку, Блерим Беџети, Абдулади Вејсели, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Горан Мисовски и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Шеста точка - Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 4 став 1, за додавање нова точка Ѓ по точката Д, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата затоа што ќе треба да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 47.

Да се преброиме уште еднаш, двајца излегоа во овој момент.

Повелете, службите да не пребројат уште еднаш да видиме дали гласањето е валидно.

Ви благодарам госпоѓа Филипова.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 2 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Значи, уште еднаш повторувам ако не ме чувте добро, амандманот на член 4 за менување на став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 11, воздржано 1, против 48.

Молам, службите да не пребројат, двајца излегоа.

Гласањето е валидно.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ова е еден од амандманите во кои што укажуваме на Владата дека се обидува да борбата против корупцијата, или укажуваме на Владата дека заложбите за борбата против корупцијата се само декларативни и дека исклучиво служат за сликање пред своите паноа, а во пракса нема ниту политичка волја, ниту се обидуваат системски во законот да ги елиминираат можните злоупотреби.

Имено, со овој закон за прв пат во Република Македонија се дава можност да може месечно до 500 евра да се врши одредена набавка или годишно тоа би било шест илјади евра, што законски одредена активност ќе може да си ја покријат со непосредни спогодби. И затоа не ме зачудува што и во претходниот закон желбата за транспарентен извештај на начинот како се трошат државните пари не најде на свое разбирање со политички притисок се принуди директорот на Државниот завод за ревизија да си даде оставка, и сега само треба законски да му овозможиме активности на органите кои вршат јавни набавки да можат секој месец без никакви законски ограничувања да набавуваат вредност 500 евра.

Се покажа дека Владата знае дека за 200 евра можеби да се набави компјутер, иако министерот за финансии има мобилен телефон од 1500 евра, ама тој мисли дека тоа за него е нормално, а за студентите треба компјутер од 200 евра. Е, па сега, кога е 500 евра месечно без тендер и без

никакво законско ограничување тогаш можеме да замислиме колку на пример компјутери ќе си набават државните органи ако знаат да ги работат, колку серија на потези можат да направат со тие 500 евра. Новите измени на законот кој што под закрила на менувањето или усогласувањето на дефинициите само со директивите од Европската унија всушност кријат она што Владата сака да го направи, а тоа е . . .

Претседателе мислам согласно Деловникот треба да ги опомените тие што се воодушевени и што се наоѓаат во салата за прв пат и гласаат за предлозите на Владата и сега им е интересно. Ако не можат да издржат можеме да направиме еден договор, ние на гласање да излегуваме а кога ќе треба да се дискутира позицијата да излегува.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ја разбирам вашата реакција но да не претеруваме, па продолжете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Значи под закрила на менување на дефинициите или усогласување на дефинициите со европските директиви овој закон ќе овозможи за прв пат непосредни спогодби до 500 евра секој месец, ќе овозможи зголемување на непосредните спогодби од три на пет илјади евра, а во одредени сектори како што е на пример енергетиката набавка на струја во четири очи.

Остана неодговорено прашањето делот на фиксната телефонија во која набавка ќе биде и затоа законот има и премногу конфузни членови и членови кои се преклопуваат но во суштина се овие 4-5 активности што сакаат да си ги овозможат. Не можеме да се бориме против корупцијата ако законски им оставаме капиџик тоа да го прават. Што е законот порестриктивен, толку и потешко ќе биде некој да влезе во некои активности. Вака на овој начин со 500 евра ќе се финансираат од страна на Владата партиските организации, партиски простории или пак партиските активисти или фирми.

Затоа мислам дека треба да го избришеме овој член. Го подржувам амандманот на моите колеги Николов, Филипова и Цветковска и очекувам парламентарното мнозинство да покаже политичка волја за борба против корупцијата и вакви капиџици што си ги остава Владата да ги спречи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Анета Стефановска, претпоставувам реплика. Повелете вашите три минути.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе, почитуван пратениче Макрадули.

Јас сакам да ве демантирам во вашите искажувања кои што се погрешни за борба против корупцијата бидејќи, ако сте вие поголем експерт од меѓународните организации по кои ние слеговме подолу за 20-то место, за разлика од тогаш кога вие бевте на власт кога бевме на 106 место по корупцијата тогаш ќе го прифатам вашето тврдење дека ние само теоретски водиме борба против корупцијата. Меѓутоа, експертите кажаа нешто друго и за тоа вие треба да го прифатите фактот дека ние навистина водиме борба против корупцијата, таа е реална и вие треба да се соочите со вистината дека Владата оди напред и ќе оди уште понапред, а вашиот рејтинг се подолу и подолу ќе паѓа, бидејќи вие не кажувате вистина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јани Макрадули, контрареплика, вашата минута.

**Јани Макрадули:** Па јас им верувам на тие експерти. Тие експерти што го кажаа тоа дека за 20 места сме напреднале, кажаа дека извештајот се однесува на 2005 и 2006 година кога СДСМ беше на власт и тоа е заслуга на СДСМ, а тие истите експерти кажаа вчера дека министерот за транспорт и врски незаконски го доделил плацот на една компанија. Денеска на прес конеренција ќе ви кажеме за уште една работа што ја прави министерот и дури некој не го спречи тој ќе продолжи тоа да го прави во серијал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Неприфаќањето на овој амандман само уште еднаш потврдува дека сето она што го кажавме во вчерашната дискусија по однос на текстот на законот како пратеници, зборувам за колегите од СДСМ дека сме биле во право заради тоа што не држат образложенијата во законот дека овој закон е антикорупциски. Ќе бев уверена дека е така ако министерот најдеше начин да ни образложи зошто овие амандмани кои што ги предлагаме и кои што значат поголема обврска за програмирање на трошењето на финансиските средства не е прифатено. Но, министерот мудро молчи затоа што навистина во зконот секаде каде што Владата нашла начин да регулира одредени прашања за кој што не директно врзана согласно директивите и препораките на Европската унија, интервенциите ги прават на начин кои значат оддалечување на борбата против корупцијата. И овој закон, јас би рекла не е антикорупциски, туку токму закон што промовира корупција.

Наместо обврската во Република Македонија да се зајакне планирањето на финансиските сресва, трошењето на финансиските средства од странана буџетските корисници со голем број на одредби имаме отстапувања од оваа тенденција, што значи не планирање на стратешките приоритети, непланирање на трошењето, за да може ако се планира на време, на време да се спроведуваат постапките за спроведување на јавни набавки со распишување на тендер, туку се остава простор прашањата атхог да се решаваат. И, сега кога станува збор за месечните набавки наместо досегашното решение кое овозможуваше месечно трошење вкупен износ од 100 евра во денарска противвредност, без ДДВ, значи да се трошат од страна на буџетските корисници без

примена на законот за јавни набавки и сега тој износ пет пати се зголемува и имаме износ од 500 евра месечно кој што секој буџетски корисник може да ги троши без почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, бидејќи е предвидено во овој член 11 дека овој закон нема да се применува за набавки чии вкупен износ не е поголем од 500-тини евра.

Но, не се работи за еден буџетски корисник. Колку буџетски корисници има и колку месеци се во годината. Годишниот износ на секој буџетски корисник ако се пресмета и ако се помножи со бројот на буџетските корисници, навистина ќе дојдеме до еден фантастичен износ на финансиски средства кои ќе овозможат работење спротивно на закон за јавните набавки.

Навистина мислам дека треба и Владата да биде искрена во своите намери и наместо да ни пропагира една филозофија на работење преку медиумите, а овде да работи на сосема поинаков начин, тоа и да го признае. Меѓутоа, за жал, за сите овие интервенции што ги правиме како пратеници со поднесување на амандмани немаме никаков одговор од страна на претставникот на Владата. Не е само ова прашање, секаде каде што законот остава просто, секаде имаме влошување на одредбите и како што спомнав оддалечување од антикорупциските мерки заради тоа што секаде слободата на одлучување и можноста за непосредно спогодување, спогодување во четири очи овој закон го овозможува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Лилјана Поповска, реплика.

Повелете вашите три минути.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас морам да реплицирам на изјавата на госпоѓата пратеник затоа што навистина не можам да сфатам како може некој да се соблазнува од тоа што ќе можеле да се набавува директно без тендер во вредност од дури 500-тини евра, замислете, не сто, туку дури 500-тини евра. Па, почитувана колешке поради таквиот крут пристап во досегашната регулатива ние пропуштавме многу нормални фази од животот на луѓето и пореметувавме нормално функционирање на многу институции. Да не заборавиме дека со тие 100 евра не можеше да се набави тонер за компјутери, некаде не можеа да се набават конци и игли - во медицински установи, или гази, или да се набави интервентно храна во некоја детска градинка. Се доведувавме до апсурдни ситуации да бидат закочени најнормални текови, на нормални институции.

Јас верувам дека и во повеќе области, не само во овие кои што се сега набројани во овој закон, ќе треба да се размисли и да се најде начин за нормално функционирање на економските текови. Тоа не е најмалку ни корупција, ни кримијнал, или овозможување пат за нив. Напротив, ова е само овозможување на нормално дишење на тие иституции и ова е една скромна сума од 500-тини евра. да не соблазнуваме никого, луѓето знаат што се 100 или 500-тини евра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска има контра реплика, една минута.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Навистина колешката Поповска чувствува обврска да ја брани Владата, меѓутоа се соочуваме со различни ставови и на претставници на Владата и на колеги пратеници овде кога станува збор за една или друга политичка партија, па имаат и различни аршини за промовирање на своите ставови и различни ставови воопшто. Кога станува збор за ревизорски извештаи на претходната Влада и за 100 денари овде интервенирате, поставувате пратенички прашања, меѓутоа кога се работи за вашата Влада тогаш имате други ставови.

Госпоѓо Поповска јас ќе ве потсетам, треба како пратеник од мнозинството да бидете повеќе запознаени со тоа што треба Република Македонија да напрви за да се доближи до Европската унија и до НАТО, а основните прашања се планирање на финансиските средства за да може врз основа на тие конкретни планови навреме да се остваруваат набавки, како што е тоа секаде во демократските земји кога набавки за наредната година се спроведуваат во претходната година заради тоа што имаат добар систем на планирање.

И, и тоа е тоа што може Република Македонија да ја помести напред во овие реформски процеси, но се покажа дека од вашето владеење минатата година, овие реформски процеси не ви се битни и затоа заостануваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Николов, да дадам пауза или ќе ги искористите овие три минути. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван претставник на Владата,

Ова е еден член од законот за јавни набавки во кој што директно се отвора можност нивото на корупција да се зголеми кај буџетските корисници. Би направил само една споредба со стариот закон каде што беше решено ова прашање во членот 73 од стариот закон стои: “Набавка на прехранбени производи, градинарски артикли на пазар, канцалариски материјал и други ситни набавки може да се изврши само со фактура односно сметкопотврда чиј износ месечно не е поголем од 100 евра во денарска противвредност. Тоа е старото решение.

Новото решение е без никакво ограничување на предметот на набавка, на видот на производи, на тоа што ќе се набавува, само чии вкупен износ месечно не е поголем од 500 евра, не мора да распишувате тендер. И, сега некој нека објасни каква е оваа можност. Дури ако ги соберете годишно 12 месеци по 500 евра е 6.000 евра. Прагот кој што се подигнува за набавки од мала

вредност е 5.000 евра. Чиста контрадикторност во овој закон внесува Владата и отвора големи можности. Тоа е само за еден предмет.

Како што зборуваше колешата Мери Младеновска-Ѓорѓиевска колку буџетски корисници, колку видови на набавка можат под овој член да се спроведат без да се наведе видот на производите кои што можат да се набавуваат до 500 евра месечно.

Заменикот министер нека ни образложи кој е концептот на Владата зошто е ова предложено и дали пак целата пречка во јавните набавки и нефункционирањето на институциите на системот на тоа што не можеле до 500 евра месечно да набавуваат или е во планирањето на јавните набавки.

Ова е еден член кој што директно отвара простор за манипулација и нема контрола. Ако дојде ревизија ќе дојде, ако не дојде ова ќе помине. Се работи за пари на граѓаните. Со јавните набавки се троши 3% од бруто општествениот производ и навистина мислам дека треба сериозно да разговараме за ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Време е за пауза.

Давам еден час пауза за ручек.

(Паузата започна во 13,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 14,35 часот).
**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

По амандманот има збор пратеник господин Ацо Киров повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, еве и јас би кажал нешто околу овој амандман кој што е поднесен од колегите пратеници Марјанчо, Верица и Благородна и во целина го поддржувам бришењето на член 11 што се предлага со овој амандман, со кој се дозволува набавка до 500 евра месечно. Пред некој ден зборував во општиот претрес за овој член 11, тогаш се задржав на неколку членови и се задржав и на овој член со кој се дава можност за набавка до 500 евра на било какви средства од јавни инситуции или буџетски институции.

Во денешната дискусија неколку колеги пратеници реплицираа на пратениците од опозицијата дека овие 500 евра не се којзнае колку голем износ и не може да се направи никаква малверзација, односно ќе се забрзаат процесите на набавка на одредени работи во одредени институции. Со тоа не би се согласил затоа што една од колешките која сега не е тука кажа дека за побрзо набавување на одредени средства не би требало да се чека распишување на тендер, туку ќе се овозможи со овие 500 евра или 30.700 денари побрзо ќе се набават на пример конци во болница и сл. Со тоа не би се согласил затоа што конци не се набавуваат со 100, 200 и 300 евра, туку кога овие институции кои што имаат потреба од такви средства како конци и други материјали кои се потребни за во болница, сепак не ја познаваме проблематиката во овие институции, болници, клиники и нт., но колку што читаме и колку што сме запознати од јавните медиуми сепак во овие институции 500 иои 400 евра се една сума пари која не значи ништо затоа што во овие институции се работи за многу поголеми средства кои се употребуваат за набавка на одредени средства. Тоа е во врска со прашањето што сакаше да го каже колешката.

Од друга страна, не би се согласил дека тоа се мали средства, бидејќи 30.700 денари месечно или на годишно ниво 6000 евра, односно околу 400 илјади денари, тоа е сепак една сума што е поголема, од која може одреден дел да се злопотреби. Значи доволно е да се злоупотребат 123 илјади денари и да настане како што велиме криминал односно злоупотреба на овие средства.

Исто така, во оваа сала беше кажано дека средствата од 500 евра се мал износ, односно 30.700 денари и дека не би требало толку многу да се буниме против овој член 11, кој бараме со овој амандман да се избрише. Ќе ги потсетам колегите кои тоа го кажуваат дека во последната година сведоци сме и гледаме дека одредени службеници, одредени луѓе со различни професии и за 20, 30 и за 50 евра, почитувани колеги пратеници, се осудени од една година до две ипол години. Затоа не може од оваа сала и од оваа говорница да кажеме дека 30.700 денари или блиску 400 илјади денари на годишно ниво не се многу големи пари. Кога треба да браниме нешто велиме дека се мали пари, кога треба да притвараме велиме дека се и 20 евра голема сума на пари, па затоа би ги замолил колегите пратеници да не мислат дека овој амандман е случајно поднесен. Напротив, неслучајно го поднесовме овој амандман за бришење на членот 11, затоа што секоја сума на пари за некого е мала за некого е голема, но доволно е да биде злоупотребена оваа сума на пари.

Затоа, потполно го поддржувам овој амандман поднесен од моите колеги. сега е присутен заменик министерот, знам дека тој беше и од почетокот и не би имал храброст и не би презел на себе да го прифати нашиот амандман, бидејќи знаеме како одат тие работи, но најбитно е според мене дали и министерот Трајко Славески го прифатил амандманот без консултации со некои повисоки органи од Владата или од неговата партија ВМРО-ДПМНЕ.

На крајот, би апелирал колегите пратеници од позицијата да го прифатат овој амандман, кога веќе министерот и заменик министерот не го прифати и мислам дека ништо лошо нема во овој амандман или укинувањето на овој член 11 со кој бараме да нема непосредна спогодба до 30.700 денари. Во мојата дискусија кажав дека за некого ова се мали пари, а во оваа сала некој од опозицијата кажа дека се многу мали пари, но почитувани колеги пратеници, зависи кој со колку средства располага, зависи дали за некого се мали не 30.700 или 500 евра, но можеби има и луѓе за кои и 10 илјади денари и 5000 денари и 500 денари се многу пари. Тоа не го кажувам случајно затоа што во дискусиите или на некои

претходни седници кога сме дебатирале и сме се спореле со позицијата за одредени средства, висина на средства, колегите пратеници, со еден од колегите пред три-четири месеци исто така дебатирав и од местото каде што сега седи заменик министерот тогаш зборуваше министерот Трајко Славески, се работеше за некои такси, сега да не се враќам и да не зборувам повторно за нив, кажаа дека 200, 300 или 500 денари за оданочување се многу ситни пари и не би требало да дебатираме овде.

На крајот би заклучил не можеме ние од овде да кажеме дали е тоа голема сума на пари или мала. Сепак, амандманот е на место и би требало ако не сите, барем одреден дел од пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржат и со тоа ќе спречиме една злоупотреба во идниот период на одредени парични средства кои ќе се даваат со непосредни спогодби.

**Иван Анастасовски:** Ви благдоарам.

Има збор пратеник господин Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам накратко да го изнесам моето мислење во однос на овој амандман и сметам дека вреди да се размисли од неколку причини. Некои колеги пратеници од претходниот состав можеби се сеќаваат, кога го донесувавме постојниот важечки Закон за јавни набавки, во првата верзија на Прдлогот за донесување на закон воопшто немаше определено минимален износ кој во текот на одреден временски период, тогаш се одреди на еден месец, да има можност за набавка. Тогаш го отворив тоа прашање и дали е добро или лошо решение, во еден амандман кој што тогаш го поднесов со оглед на тоа што кога работев еден извесен период како директор на јавно претпријатие се соочував во практиката со тој проблем. Основното прашање не е само висината на средствата што ќе ги одредиме за непосредна спогодба и непосредна набавка во текот на еден месец. Основното прашање е зошто и Владата треба да го допрецизира ако не го прифати овој амандман, тоа е прашањето што вака како што е дадено во законот остава простор за судир при ревизијата на субјектите кои што се должни да работат по Законот за јавните набавки. Членот како што е не е допрецизиран, каде што не е одреден видот на набавката што може да се врши во висина до 500 евра или каде што вака како што е даден отвора простор и за кумулативна набавка во текот на 12 месеци, односно во текот на една година. Несакајќи ќе оставиме простор одредени носители на функции и лица кои што располагаат со средства од Буџетот и други кои подлежат на Законот за јавни набавки, ќе ги доведеме во една ситуација кога ќе се врши ревизијата заради недоречености и контрадикторност на самото законско решение да излезе дека тие во текот на таа една година незаконски работеле или ненаменски ги трошеле финансиските средства со кои располагале.

Од тие причини, сметам дека решението што е дадено во Законот не е добро формулирано и дека со овој амандман можеби до некаде би се исправила состојбата, иако со целосно бришење нема да се постигне саканата цел, што значи, постојат две можности: или да се прифати овој амандман или Министерството односно Владата да поднесе свој амандман со кој ќе ја допрецизира проблематиката за која расправаме. Вака мислам дека оставаме простор за несакани последици кои ќе дојдат при извршувањето на ревизијата на овие субјекти. Багодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

Колешќе Дулиќ, вие сте прво пријавени, само процедурално.

Повелете, процедурално, три минути, пратеник Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Господине потпретседателе, од почетокот на работниот ден денес сме под импресија на наодите од МОСТ за работата и рејтингот на Собранието на Република Македонија. Сега дискутираме и гласаме по амандманите по Законот за јавните набавки. Конкретно по амандманот однесен од предлагачите Марјанчо Николов, Верица Филипова, и Благородна Цветковска кои што не ги гледаме тука во салата, ниту пак нивните колеги освен двајца колеги кои што не можат да придонесат за создавање на кворум за одлучување по амандманите поднесени од нивната пратеничка група.

Според тоа, мислам дека, а веројатно ме слушаат некаде во зградата, да ги потсетиме дека местото им е овде, во собраниската сала и само со нивното присуство и активно учество во работењето може да го подобриме рејтингот на Собранието. Со нивното отсуство не само што прват штета на нивната пратеничка група и партија на која што припаѓаат туку прават штета за имиџот на Собранието воопшто.

Според тоа, ги замолувам колегите да повелат во Собраниската сала и да си ја извршат својата задача за која што впрочем примаат пристојна плата.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас ова не го гледам како процедурално, повеќе како апел, ваш апел, она што треба јас да го

направам, да ги повикам пратениците да влезат во салата.

Претпоставувам и вие дека сте исто така за процедурално, ќе добиете три минути процедурално, има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Потпретседателе интервенирам најнапред до вас бидејќи кога се јави госпоѓа Дулиќ, за процедурална дискусија не ја прашавте по кој член од Деловникот се јавува за да може да каже која е процедуралната забелешка. Напротив, под изговор за процедурална забелешка допуштивте една политичка дискусија, секако со желба да се омаловажи опозицијата, но да ве потсетам на денешниот ден кога дојдовме на работните места последен работен ден пред празници бевме соочени со фактот дека е закажана нова седница за 18-ти октомври за која истекуваат, за законите кои што се на дневен ред истекуаат роковите за амандмани во сабота, значи после неработни денови. Роковите за амандмани истекуваат во сабота и сакате присутните колеги од опозицијата да бидат присутни во салата и да дискутираат што го правевме во целиот ден, но истовремено и да пишуваме амандмани. Ќе ви прочитам во член 166 од Деловникот каде стои дека амандман се поднесува најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на седницата и тоа подразбира дека треба да постојат услови за работни денови за да може да се работи по амандманите.

Но, ова е не знам по кој пат начин на кој што ги закажувате седниците, само со цел да ја оневозможите опозицијата да пишува амандани, а да наоѓате изговори дека за тоа стојат некои други причини.

Ние работиме со цел да помогнеме на Владата да носи законски текстови, односно да изработува квалитетни законски текстови Што ќе бидат во функција на реформите, меѓутоа очигледно е дека таквиот пристап во работењето, не ви одговара.

**Иван Анастасовски:** Исто како што не ја прашав колешката Благородна по кој член, и вас не ве прашав, меѓутоа претпоставувам ги имате добиено (повеќе пратеници зборуваат во исто време) колеги, се извинувам ако може да кажам, ги имате добиено документите, известувањето дека се презакажува седницата од тие причини, седницата која беше закажана за 18-ти.

Почитувани колеги, дозволете ми од мое и од ваше име на граѓаните на Република Македонија да им го честитам државниот празник “11 Октомври” ден на Народното востание. Истовремено, на граѓаните на Република Македонија да им го честитам и празникот Рамазан Бајрам.

Со ова почитувани колеги ја завршуваме денешната работа.

Продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот, во истото работно време кое што беше определено пред еден месец.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот)